Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 19.01.2019

На 18.01.2019 година во 08.30 часот на магистралниот пат Кичево-Охрид, товарно возило „Форд Транзит" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Б.(44) од Скопје, излетало од патот. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил возачот А.Б., кој со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Охрид.

На 18.01.2019 година околу 21.45 часот на крстосницата од улиците „Борис Трајковски" и „Трајко Иванов" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Фолксваген Пасат" со скопски регистарски ознаки,

управувано од Д.П.(46) од Скопје и патничко возило „Фиат Добло" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Д.(71) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле возачот М.Д. и Н.Д.(67) од Скопје, сопатничката во возилото „Фиат Добло". Со возило на Итна медицинска помош биле пренесени во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза"-Скопје. Возачот Д.П. и В.П.(42) од Скопје, сопатничка во возилото „Фолксваген Пасат", се здобиле со телесни повреди и со возило на Итна медицинска помош биле пренесени во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде им била укажана лекарска помош..Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Скопје.

На 18.01.2019 година во 17.00 часот во Полициската станица Гостивар, врз основа распишана потерница од Казнено поправната установа - Затвор Идризово, било приведено лицето Л.Ф.(56) од село Форино, со живеалиште во Гостивар. Лицето е предадено на Казнено поправната установа – Затвор Идризово.

На 18.01.2019 година во 14.30 часот во село Сопиште полициски службеници пронашле 17-годишен штитеник на домот „Ранка Милановиќ", кој беше пријавен за исчезнат на 17.01.2019 година. Во 15.30 часот момчето било предадено на воспитувач од домот.

На 19.01.2019 година во 05.12 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Димо Хаџи Димов" настанал пожар во куќа сопственост на Л.К.(84), при што била опожарена една соба од првиот кат. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил локализиран, а повредени лица нема.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ј.Д.(57) од Кратово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Во периодот од 14.01.2013 година до 20.11.2017 година пријавениот, како директор на Општинското основно училиште „Кочо Рацин"- Кратово, не објавил јавен оглас и не постапувал во согласност со Законот за јавни набавки, при што без склучување на соодветен договор за училиштето набавувал стоки, производи и изведувал градежни работи и монтажа од ист вид со поголем број на правни лица. Исто така, без објавување на јавен оглас склучил два договори со физички лица за извршување на градежни работи. Со наведените дејствија била причинета материјална штета на Буџетот на Република Македонија во износ од 1.289.737 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против М.С.(24) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа", „употреба на исправа со невистинита содржина" и „измама при добивање кредит или друга погодност". Во јуни 2016 година пријавената изготвила фалсификуван купопродажен договор за патничко возило „Мерцедес" наведувајќи дека во 2015 година возилото било купено од Република Италија од лице од Делчево, како повратник од странство, иако таа го купила возилото од правно лице од Република Бугарија. Ваквиот договор пријавената го

употребила како вистински пред Бирото за метеорологија-Скопје и со поволни услови го регистрирала во Република Македонија.

На 18.01.2019 година околу 17.15 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека во угостителски објект на улица „Димитар Влахов“ во Кочани, по претходна расправија помеѓу две групи, лицето Д.С.(40) од Кочани со пиштол пукал кон лицето Д.З.(35) од Кочани и го погодил во десната страна од стомакот и десната подлактица. Д.З. бил пренесен во болницата во Кочани, а потоа во Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Кочани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.01.2019 година во 06 часот во Полициската станица Аеродром, Н.Б.(36) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 00.50 часот во угостителски објект на булевар „Јане Сандански“ во Скопје, тој и И.П.(34)од Скопје, кои биле ангажирани како музичари, биле физички нападнати од К.М.(35) од Скопје и М.Б.(23) од село Брвеница, тетовско, кои биле гости во објектот. На Н.Б. му била укажана лекарска помош во комплексот клиники „Мајка Тереза“, а И.П. се здобил со телесни повреди. К.М. и М.Б. се приведени во полициска станица и против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 18.01.2019 година во 11.15 часот во Полициската станица Центар, Д.Т.(39) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 10.45 часот во зградата на Основен суд Скопје 1 Скопје на булевар „Гоце Делчев“ бил физички нападнат од Д.Т.(47) од Скопје. По целосно документирање на случајот, против Д.Т. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.01.2018 година околу 12.40 часот било пријавено дека во џамија во село Горно Оризари, велешко, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.М.(18) и неговиот татко Ф.М.(51), двајцата од село Горно Оризари, од една страна и  С.Ф.(18) од село Горно Оризари, од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.01.2019 година околу 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека Ј.М.(59) од населба Ченто, Скопје, вработен во приватна фирма, додека изведувал градежни работи во Индустриска зона Илинден,паднал и се здобил со тешки телесни повреди. Ј.М. бил пренесен во Ургентниот центар при комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.01.2019 година во 20.26 часот во СВР Скопје, од Ургентниот центар Скопје било пријавено дека бил донесен И.З.(43) од Свети Николе, кој се здобил со тешки телесни повреди додека извршувал работни задачи во приватна фирма лоцирана во кругот на Железара. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.01.2019 година околу 03.00 часот во сендвичара во Тетово, Ф.Д.(21) од Тетово извршил разбојништво над вработениот и одзел пари од дневниот

промет. Ф.Д. исто така, физички го нападнал Ѓ.И. (36). По презмени мерки, Ф.Д е приведен во Полициската станица Тетово.

На 18.01.2019 година во 22.57 часот во СВР Скопје, било пријавено дека Д.Т. (62) од Скопје бил физички нападнат од непознато лице на ул. Јуриј Гагарин во Скопје. Д.Т. бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.01.2019 година во 16.45 часот во Полициската станица Тетово, Б.Ј.(44) од село Рогачево, тетовско, пријавил дека од дома во непознат правец се оддалечила неговата сопруга А.Ј.(37). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.01.2019 година во 18.45 часот од Здравствениот дом Пехчево било пријавено дека кај нив била донесена С.Н.(20) од Пехчево со прострелна рана од пиштол во стомакот, нанесена од И.Н. (23) од Пехчево во домот на И.Н.во Пехчево, каде заедно живееле. С.Н. била препратена во Медицинскиот центар Штип, а И.Н. е приведен во полициска станица. Известен е јавен обвинител и против И.Н. ќе биде поднесена кривична пријава.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)